Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

2024

Извадок на дел од дневните настани 20.03.2024

На 19.03.2024 во 12.40 часот во с.Ерцелија, светиниколско, полициски службеници од ОВР Свети Николе го лишиле од слобода А.Т.(23) од с.Ерцелија. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана, дробилка со остатоци од марихуана, други предмети со остатоци од марихуана и кутија со пиротехнички средства. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 19.03.2024 во 22.10 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Д.Д.(32) од Куманово. Тој се сомничи дека претходниот ден од приватен имот на улицата „Салтир Наумов" во Куманово одзел повеќе предмети. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 19.03.2024 во 14,20 часот, полициски службеници од надворешната канцеларија за криминалистички работи Берово, со судска наредба, извршиле претрес во домот и помошни простории на Ѓ.Н.(29) во с.Панчарево, пехчевско. При претресот, бил пронајден и одземен револвер. По целосно расчистување и документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 19.03.2024 во 17.45 часот на подрачјето на Кисела Вода во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода К.С.(30) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 19.03.2024 во 16.30 часот на подрачјето на Гази Баба во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.Б.(23) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (19.03.2024) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 172 мерки, меѓу кои 14 мерки за возење без возачка дозвола, осум санкции за примување на затворен сигнал - црвено светло, 13 мерки за некористење на сигурносен појас, 19 санкции за користење мобилен телефон при возење...

Во текот на вчерашниот ден (19.03.2024) во периодот од 08.00 до 13.00 часот Министерството за внатрешни работи спроведе сообраќајна контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на прекршоци што ги прават пешаците. При контролата, санкционирани се 149 пешаци од кои, 134 за небезбедно преминување на улица надвор од пешачки премин... За време на контролата санкционирани се и 106 други видови на сообраќајни прекршоци.

На 19.03.2024 во 16.29 часот во СВР Штип било пријавено дека на магистралниот пат Штип–Кочани, помеѓу с.Чардаклија и с.Долни Балван, на излез на с.Чардаклија, патничко возило „мерседес" со кочански регистарски ознаки, управувано од М.С.(26) од Кочани, излетало од патот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот, констатирани во Клиничката болница Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Штип.

На 19.03.2024 во 16.25 часот во СВР Велес било пријавено дека на регионалниот пат Велес – Градско, мопед „кимко" со велешки регистарски ознаки, управуван од Т.С.(30) од Велес, удрил во паркиран патничко возило „бмв", паркирано од Д.Т.(32) од Велес. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот на мопедот Т.С., а со телесни повреди се здобила сопатничката на мопедот Е.С.(24) од Велес, констатирани во болницата во Велес. По овластување на јавен обвинител, увид на местото извршила увидна екипа од СВР Велес.

На 19.03.2024 во 08.20 часот во Полициската станица Центар, Б.Л.(39) од Скопје пријавил дека на ул.„Тодор Александров" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 19.03.2024 во 13.10 часот во Полициската станица Гази Баба, Т.С.(41) од Скопје пријавил дека на ул.„Лазар Поп Трајков" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 19.03.2024 во 11.30 часот во Полициската станица Чаир, Н.В.(30) од Скопје пријавил дека на ул.„Цетинска" бил каснат од куче скитник.

На 19.03.2024 околу 20.40 часот на улица „*Киро Ристевски - Дриц*" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го привеле 51-годишниот тетовец Н.Е, кој бил баран по централна потерница врз основа на судска наредба за издржување казна затвор од три години и шест месеци за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори" по член 215 од Кривичниот законик. Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа Затвор Идризово во Скопје за издржување на казната.

На 19.03.2024 околу 13.20 часот на ул.„Михајло Рајчевиќ" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово ја привеле 23-годишната тетовка Б.Ј., која била барана по централна потерница врз основа на судска наредба за издржување на затворска казна од една година и шест месеци за сторено кривично дело „кражба" по член 235 од Кривичниот законик. Претходно, Б.Ј. била пријавена од 30-годишниот тетовец А.С. дека во неговата куќа на оваа улица извршила кражба и одзела повеќе предмети, кои подоцна биле пронајдени и му биле вратени. Б.Ј. била спроведена во Казнено-поправната установа Затвор Идризово во Скопје за издржување на казната.

Во изминативе нешто повеќе од два и пол месеци од годинава, заклучно со денеска (19 март), на пошироко тетовско подрачје вкупно се откриени и санкционирани 300 лица кои ги управувале возилата без претходно положен возачки испит. Триесетина од нив биле малолетници, кои претежно управувале латнички моторни возила, сопственост на нивни родители или блиски. На сите им биле изготвени предвидените поднесоци со парична глоба од 250 евра во денарска, а со толкава глоба ќе се соочат и сопствениците на возилата кои им ги дале да ги управуваат, иако знаеле дека не го положиле возачкиот испит. Во истиот период на гостиварското подрачје адекватно биле санкционирани 115 лица без возачки дозволи, од кои 8 биле малолетници.

На 19.03.2023 од 08.00 до 13.00 часот, при преземени сообраќајни контроли на подрачје на СВР Охрид, полициските службеници затекнале 19 пешаци кои сториле сообраќајни прекршоци (10 во Струга, 06 во Кичево, 03 во Дебар).

На 19.03.2024 во 17.00 часот во СВР Скопје, Ј.К. пријавила дека на подрачјето на општина Аеродром, двајца малолетници физички го нападнале нејзиниот малолетен син и му одзеле лични предмети. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.03.2024 во 14.40 часот во СВР Скопје, Б.В.(43) од Скопје пријавил дека околу 03.40 часот на подрачјето на Центар бил физички нападнат од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.03.2024 во 17.32 часот во СВР Скопје, З.П.(41) од Скопје пријавил дека пред спортска обложувалница на подрачјето на општина Аеродром бил физички нападнат од С.Ј.(39) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 19.03.2024 во 22.00 часот во СВР Скопје, Ј.М.(60) од с.Сарај, скопско, пријавил дека околу 18.25 часот во селото, по претходни недоразбирања, бил физички нападнат од И.Љ.(36) од с.Сарај, кој потоа од огнено оружје испукал два куршуми кон него, но не го погодил. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.03.2024 во 21.07 часот во СВР Скопје, Ш.Ш.(38) од Скопје пријавил дека околу 20.50 часот на подрачјето на Ѓорче Петров, по претходно недоразбирање, неговата малолетна ќерка била физички нападната од Р.Е.(46) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 19.03.2024 во 19.00 часот во СВР Скопје, С.Б.(24) од с.Трубарево, скопско, пријавила дека околу 16.00 часот во селото, по претходни недоразбирања, била физички нападната од К.Л.Д.(53) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 19.03.2024 во 10.40 часот, А.С.(24) од Кичево во полициска станица пријавил дека на улица „11 Септември" во Кичево бил каснат од куче скитник. Истиот ден, Д.Н.(62) од Кичево пријавил дека на улицата „4 Јули" во Кичево бил каснат од куче скитник.

На 19.03.2024 во 13.40 часот во Полициската станица Велес, Р.Ц.(65) од село Бањица, општина Чашка, пријавил дека на улица „Андон Шурков" во Велес бил каснат од куче скитник.

На 19.03.2024 во 21.00 часот во ОВР Кавадарци, З.М.(38) од Кавадарци пријавил дека на крстосница од улиците „22 Декември" и „Даме Груев" во Кавадарци, неговата малолетна ќерка била касната од куче скитник.

На 19.03.2024 во 11.20 часот во СВР Тетово, Д.П.(61) од тетовска Брвеница пријавил дека на улица „Видое Смилевски-Бато" во Тетово бил каснат од куче скитник.

На 19.03.2024 во 21.45 часот во СВР Тетово, 36 - годишната тетовка Р.В. пријавила дека на улица „Љубо Божиновски-Пиш" во Тетово нејзината малолетна ќерка била касната од куче скитник.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.Љ.(33) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 16.01.2024, по претходни недоразбирања во сообраќајот со Б.Б.(33) од с.Брвеница, тетовско и Ј.К.(33) од с.Долно Седларце, тетовско, пријавениот со тврд предмет го нападнал Ј.К..

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Г.Ф(27) и А.Д.(30), двајцата од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 31.12.2023 во Тетово, пријавените со тврди предмети го нападнале А.Ј. и му нанеле повреди.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против К.О.(47) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 04.02.2024 во угостителски објект во Тетово, пријавениот физички го нападнал Д.Н.(37) и му нанел повреди.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Ц.Ѓ.(64) од Скопје, референт за превоз по задолжение во ЈП „Национални Шуми", поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување службена исправа". Пријавениот издал службена исправа за превоз на огревно дрво во која навел дека се превезувал помалку дрва иако знаел дека натоварената количина е поголема од наведеното во исправата.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Дебар поднесе кривична пријава против М.К.(58), У.К.(45) и С.Х.(41), сите од с.Праленик, општина Центар Жупа, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „лажно пријавување на кривично дело". На 09.02.2024, прво и второпријавениот биле потпикани од третопријавениот лажно да пријават кривично дело „тешка кражба" во нивната куќа, со цел да се обвини друго лице како сторителот заради лична нетрпеливост.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против Д.М.(27) од Ѓевгелија поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено преминување на државната граница". На 15.03.2024, пријавениот му помогнал на Е.Х.(40) од Република Албанија илегално да ја премине грчко - македонската граница.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Д.Ш.(42) од Кичево поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување лиценца". На 10.10.2023, полициски службеници извршиле контрола на возило, кое го управувал пријавениот, при што било констатирано дека врши јавен превоз на патници без да поседува соодветна лиценца издадена од надлежен орган.

На 19.03.2024 во 14.30 часот во Полициската станица Центар, А.И.(34) од Скопје пријавил дека на бул.„Крсте Мисирков" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 19.03.2024 во 17.00 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, В.Г.(47) од с.Волково, скопско, пријавил дека на ул.„Марк Твен" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 19.03.2024 во 15.10 часот во Полициската станица Чаир, К.Ј.(47) од Скопје пријавил дека во двор од основно училиште на подрачјето на Чаир неговата малолетна ќерка била касната од куче скитник.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет